**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕТСТАВНИК:** Александар Јанакиески
Помошник Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за изведба на фекална канализација во населба Градинар

Скопје,февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2022 година, донесе

## О Д Л У К А
### за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за изведба на фекална канализација во населба Градинар

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за изведба на фекалната канализација во населба Градинар.

Член 2

Проценетата вредност за изведба на фекалната канализација во населба Градинар, од член 1 на оваа Одлука, изнесува 10.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансирање на изградбата на фекалната канализација од член 1 на оваа Одлука, со средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, во висина од 8.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

Општина Кисела Вода во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансирање на изработка на Урбанистички проект и Основен проект за линиски инфраструктурни градби на дел од бул.Борис Трајковски за фекална канализација во населба Градинар, К-3 на територија на Општина Кисела Вода (КП 6798/8 и други, КО Кисела Вода 1) со вклучена ревизија во целост, со средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година, во висина од 2.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

Средствата од став 2 и 3 од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.
.

Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Кисела Вода, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на ГрадотСкопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување н азаеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација ИН - ПУМА – Скопје, констатирано е дека за реализација на изградбата на фекалната канализација во населба Градинар потребни се 8.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, додека за изработка на Урбанистички проект и Основен проект за линиски инфраструктурни градби на дел од бул.Борис Трајковски за фекална канализација во населба Градинар К-3 на територија на Општина Кисела Вода (КП 6798/8 и други, КО Кисела Вода 1) со вклучена ревизија потребни се 2.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.
Со оглед на фактот дека дел од наведената траса е на булевар Борис Трајковски, истиот е градска сообраќајница, се појавува потреба од спроведување на постапка со цел одобрување на Урбанистичкиот проект и спроведување на понатамошна постапка.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.
За реализација на изградбата на фекалната канализација, Град Скопје ќе распише јавна набавка за избор на најповолен изведувач.
Освен со финансирање на изработка на Урбанистички проект и Основен проект за линиски инфраструктурни градби, Општината Кисела Вода ќе издаде правен акт за реализација на овој објект согласно нејзините надлежности и Законот за градба.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.